**Д Р Ж А В Е Н   П Р О С В Е Т Е Н   И Н С П Е К Т О Р А Т**
**С К О П Ј Е**

# К О Н Е Ч Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА во ООУ„Христијан Карпош“ – Куманово

**Скопје, ноември - 2019 година**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-
29.11.2019 год.
Скопје

# ООУ„ХРИСТИЈАН КАРПОШ“ – Куманово

| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 27 до 29.11.2019 год. |
| **Број на извештај:** | 13 североисточен |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Љубиша Николиќ |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта:** | 2 |
| **Основач на училиштето:** | општина Куманово |
| **Наставен јазик:** | македонски |
| **Број на ученици:** | 1178 |
| **Полова структура на ученици:** | м - 605 и ж -573 |
| **Број на наставници:** | 71 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Мирослав Ѓорѓевиќ |
| **Директор на училиштето:** | Лидија Костиќ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 31.10 до 2.11.2016 |
| **Адреса на училиштето:** | ул.Радое Димиќ бб |
| **Телефон:** | **076/ 201-272** |
| **Факс:** | **031/422-951** |
| **e-mail:** | **hrkarposku@gmai.com** |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар 2,93 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006год.)

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 27 до 29.11.2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори (Љубиша Николиќ, Томе Стојанов и Гордан Стојчевски) спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Христијан Карпош“ - Куманово. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со ученичкиот парламент и наставници по стручни активи и членови на тимот за изготвување на Самоевалуацијата, како и посета на подрачните училишта.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со различните фокус групи, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на за сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **(2,93 ).**

Наставниот процес во училиштето се изведува по наставен план и се планира согласно наставните програми за деветгодишно основно образование и програми по Кемриџ. Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето има регистриран УСК „Христијан Карпош Куманово“.

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес, постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Училиштето ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни поредби (со и без наод и мислење – инклузирани во воспитно - образовниот процес) и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. За постигнување на добри резултати училиштето реализира додатна и дополнителна настава. Од податоците во однос на постигања, поведение и изостаноци на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека се континуирано добри со тенденција за поголеми успеси и постигања. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е многу добар (3,68). Вработените и учениците се горди на своите постигања. Училиштето има изградено имиџ и во него се образуваат ученици од својот реон. Редовноста на учениците е добра.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 11 стручни активи. Наставниот процес се реализира согласно наставниот план и програма, Годишната програма на училиштето, Годишните планирањата на наставниците и распоред на часови. Во наставниот процес наставниците користат наставни техники, форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Употребата на информатичко комјутерска технологија во наставата од страна на поглем број наставници е добра. Наставниците вршат правилен избор на задачи, активности и ресурси за реализација на наставните содржини, со цел да ги постигнат целите. Интеракција помеѓу наставник-ученик и ученик-ученик е добра. Атмосферата на најголем број часови е мотивирачка и начинот на кој се учи е интересен. Наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура

за оценување и користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижи и дава поддршка, со нив работи инкузивен тим. Стручната служба води евиденција и анализа за постигањата на учениците и советодавно делува при избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структири. Дисциплината и поведиднието на учениците се добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално, регионално и државно ниво ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичност, почитивајќи ги правата на децата. Училиштето го промовира мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето, соработката со локалната средина е многу добра. Соработката со деловната заедница и невладиниот сектор е добра.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети (училници – кабинети, фискултурна сала, спортски терени) во централно училиште се добри. Опременоста со нагледни средства по наставни предмети во централно училиште делумно задоволува. Во подрачните училишта просторните услови за реализирање на наставните програми по Физичко и здравствено образование, како и опременоста со нагледни средства по мал број наставни предмети делумно задоволува. Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на 71 наставника со соодветено образование. Училиштето континуирано превзема мерки за професионален развој на наставниците. Раководниот орган училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е училишен одбор, истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето – директор работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето во својот период на раководење има превземено активности кои значително придонеле за подобрување на условите за работа во училиштето, високи постигања на учениците и наставниците во воспитно-образовниот процес, изграден имиџ и воспоставена добра климата за работа.

Приоритет на директорот за училиштето се:

- одредување на соодветен спортски простор и спортски терен во ПУ
- професионално и кариерно усоврашување на наставниот кадар
-поголемо учество на учениците во носење одлуки и давање предлози во нивен интерс
- опремување на училиштата со смарт табли

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето. Од страна на Министерството за образование (МОН) и наука со Решение Дел.бр. 03-422 од 26.12.2013 год**.** дадена е согласност на Статутот на училиштето.

Од страна на училиштето извршени се статутарни измени и донесен е Статут бр.01-70/2 од 14.02.2015 година.За статутарните измени дадена е согласност од страна на МОН со Решение број УП1 20-676 од 02.04.2018 година.

Училиштето има изготвено Самоевалуација Дел.бр 01-217/2 од 22.08.2017 и изготвено Програма за развој за период 2019-2021 Дел.бр. 01-135/2 од 16.06.2019 год.

За учебната 2018-2019 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа дел. бр. 01-236/2 од 15.08.2019 год**.** и усвоена од Училишниот одбор. Училиштето со решение на директор бр.02-349/3-9 од 22.10.2019 година има формирано инклузивен тим од седум члена.
Училиштето има регистрирано спортски клуб со решение на централен регистар бр.0805-50/150020170016743 од 02.11.2016 година со ЕМБС7163045

**Карактеристики на училиштето**

ООУ„Христијан Карпош"– Куманово е воспитно - образовна установа која се наоѓа во населба Перо Чичо на ул Радое Димиќ бб. Училиштето е основано со одлука бр.6297/1 од 4.05.1959_ година. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр._10-1091/3 од 5.06.1995 год година издадено од Министерството за образование и физичка култура. Носител на основачките права е општина Кумановоа. Училиштето има својство на правно лице и регистирано во централниот регистар со ЕДБ 4017974103367 и ЕМБС: 4029372 .

Училишната зграда на централното училиште е изградена 1974 година. Училиштето е тврда градба со површина од 3660 м2 $м^2$. Училиштето се состои од приземје, два ката, подрумски простории, со вкупно 25 училиници и 4 кабинети, фискултарна сала, два спортски терени со површина од $640^2$ и двор со површина од $5376м^2$

Во склоп на училиштето се и 2 подрачни училишта (ПУ во Тромеѓа и ПУ Пуковско)

- Училишната зграда - ПУ во с. Тромеѓа е тврда градба од еден кат со $395м^2$ со 5 училиници, спортски терени со површина од $800м^2$ и двор со површина од $1296м^2$;
- Училишната зграда - ПУ во с. Пуковско е тврда градба со површина од $394м^2$ . Училиштето е од два ката, со 4 училиници, нема спортски терени и двор со површина од $3531м^2$;

Во учебната 2019-2020 година во училиштето го посетуваат 1178 ученик од I до IX одделение, распоредени во 56 паралелки и тоа:

- во централното училиште од I до IX одделение настава следат 1018 ученика распоредени во 45 паралелки,од кои 25 паралелки одделенска настава и 20 паралелки предметна настава;
- во ПУ с Тромеѓа организирана е настава за 50 ученици,во прво одделение 13 ученици, во второ одделение 11 ученици,во трето одделение 4 ученици,во четврто одделение 10 ученици и во пето одделение 12 ученици.
- во ПУ с.Пуковско организирана е настава за 110 ученици, во прво одделение 15 ученици,во второ одделение 17 ученици, во трето одделение 25 ученици, во четврто одделение 22 ученика, во пето-1 одделение 16 ученици и во пето-2 одделение 15 ученици.

- Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, педагог, психолог библиотекар и 71 наставника. Според образовниот профил 62 наставника се со високо образование и 9 наставника се со вишо образование. На неопределено работно време се 64 наставника и 7 наставника се на одределено работно време. Во училиштето 2 наставника се наставник - приправник. Според полот 60 се жени и 11 се мажи, според етничката припадност 69 наставника се македонци, 1 србин и 1 ром. Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 1 наставник. Наставата во училишта се изведува на

македонски наставен јазик. Во централното училиште наставата е организирана во две смени, а наставата во подрачните училишта е организирана во една смена во Тромеѓа и во две смени во Пуковско.

Училиштето има простории за директор, секретар, наставници, стручни соработници, просторија за помошно-технички персонал, магацин. Училниците се опремени со потребниот училишен инвентар. Училишниот двор во централното и подрачните училишта е ограден. Централното училиште се загрева со парно греење на нафта, а подрачните училиште се загреваат на дрва.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во ООУ„Хрисријан Карпош“, Куманово, наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и програми по Кембриџ. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование. Мал број содржини во наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акции од еко стандарди за реализирање на еко содржини по наставните предмети.

Училиштето има воспоставено процедури и користи брошура да ги информира членовите на советот на родители, родителите, учениците, како и сите други чинители кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, активности во училиштето како и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование.

Во училиштето има 36 ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовна настава од кои 4 ученици се со наод и мислење. За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето Училиштето има формирано инклуизивен тим. Тимот има изготвено Програма за работа, има пропишана процедура за изготвување на индивидуалниот образовен план, но од страна на мал број наставниците истиот се изготвува. Наставниците ги приспособуваат наставните програми според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Родителите на учениците со посебни образовни потреби не биле вклучени во изработка на програма или индивидуалниот образовен план.

Голем број наставници и стручната служба имаат посетувано обуки организирани од: Фондација отворено општество Македонија и УСАИД, Позитивно образование од Фондација отворено општество Усаид,Форми, методи и техники за ученици со дислекција и дисграфија од Здружение Анштајн Скопје, Обука за обучувачи за ефективна настава со ученици со потешкотии во читањето организирано од центар за рзвој на образование „Корени“, подржано од МОН.

Во согласност со наставниот план, Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети за учениците од четврто до деветто одделение се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Постапката за избор на наставни предмети се врши преку анкетирање на учениците и родителите, обработка на податоците од спроведената анкета и одлука од Наставнички совет за застапени изборни предмети.

Во училиштето покрај редовната настава се реализира дополнителна, додатна настава и часови за ученички активности. За овие видови на настава и активности изработени се програми како прилог на Годишната програма за работа на училиштето**.**

Преку проширени програми, училиштето организира продолжен престој за учениците од одделенска настава во соработка со родителите и договор на родителските средби и со претходно извршено анкетирање на учениците.

Училиштето има изготвен План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост на поголем број од точките на акции од воспоставените еко-стандарди со интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма согласно состојбата и структурата на училиштето. Поголем број од планирањата на постојните наставни предмети содржат еколошки содржини**.**

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставните планови и програми и нивната соодветност за потребите и можностите на учениците се честа тема на состаноците на одделенските совети на училиштето, стручните активи и состаноците на Советот на родителите.

Наставните планови и програми им се достапни на наставниците пред претстојната учебна година, така што секој наставник го има наставниот план и програма, одобрени од МОН.

Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во поголем број наставни програми што се реализираат.

Училиштето не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, врз основа на барања од родители, наставници или врз основа на согледаните потреби на локалната средина до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

### 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира голем број воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Програмата за вонннаставни активности опфаќа разновидни подрачја: работа на секции, училишен спорт, општествено хуманитарна работа, ученички натпревари, организација на културно-забавни активности, соработка со локалната средина и пошироко, екскурзии, излети и др. Програмата е оперативна, со временска динамика која обезбедува рамномерност на активностите во текот на целата учебна година и е отворена за различни

внатрешни и надворешни соработници кои имаат афинитети за одредени подрачја**.**

Училиштето во 2013 година е вклучено во проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето има потпишано меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ „7 Марси" с.Опае, Општина Липково, со настава на албански јазик.

Вонннаставните активности се разновидни, добро планирани и нудат можности секој ученик да се вклучи во некоја од нив. Со нив се опфатени поголемиот број од учениците. Во воннаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 195 награди од кои:

- 135 награди, на општинско ниво (30 прво место, 49 второ место и 56 трето место);
- 53 награди, на регионално ниво ( 8 прво место, 19 второ место и 26 трето место)
- 7 награди, на државно ниво ( 2 прво место, 2 второ место и 3 трето место)

На ниво на училиштето има формирано **Училишен спортски клуб „Христијан Карпош" Куманово**. Училишниот спортски клуб е формиран на 03.10.2016 година, а регистрацијата во Централниот регистар на Р Македонија е извршена на 02.11.2016 со ЕМБС:7163045.

За работата на Училишниот спортски клуб ,,Христијан Карпош" Куманово е изготвена програма. Програмата опфаќа формирање на секции во сите спортови како кошарка, одбојка, фудбал, футсал, ракомет, пливање, скијање, стрелаштво, планинарство,тенис, пинг-понг и други спортски дисциплини за кои се заинтересирани учениците.

Училиштето има планирано реализација на ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат воспитно-образовен, културно-забавен и рекреативен карактер.Ученичките екскурзии се организираат и подготвуваат со вклучување на родителите, а во согласност со Правилникот за реализирање на ученички екскурзии.

Афирмирањето на воннаставните активности се врши преку сопствена веб страна www.oouhristijankarpos.jimdo.com, преку фејсбук профил на училиштето HKarposh, локални медиуми.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците.

Според извршените споредбени анализи за период од последните три учебни години е забележан среден успех од 3.68 успех на ниво на училиште, и тоа во учебната 2016/17 година, средниот успех е 3.82; во учебната 2017/2018 година е 3.94 и во учебната 2018/2019 година е 3.30), споредбено за последните две учебни години средниот успех забележува благо опаѓање за 0,60.

Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба.

Во последните две изминати учебни години се одржани 5 советувања со 10 средби по основ на намален успех во учењето, нередовно посетување настава и несоодветно однесување на учениците. Родителите на советување се повикуваат со доставена покана или со телефонско јавување.

Вкупно, во текот на изминатите две учебни години, учество зеле вкупно 108 родители. За секоја одржана средба се води уредна евиденција со листа на присутни и изготвени записници

Освен овие средби, постојано, по потреба во текот на целата учебна година, психологот на училиштето работи и на советување на ученици-поединечно и групно според предвидената програма.

За целокупната постапка при реализирањето на советувањето родители на ученици, редовно се доставува извештај до МОН – педагошка служба Скопје преку „Формулар за советување родители. Истата се спроведува согласно Законот и Правилниците за советување, донесени од МОН. од 2011 година.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Во училиштето во последните три учебни години индетификувани се 4 ученика со посебни образовни потреби, 32 ученика со потешкотии во учењето и 56 талентирани ученика.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Наставниците согласно распоред реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус (одделенска - предметна настава) и од еден во друг период, ги следи постигањата по завршување на основното образование само за учениците кои се запишани во средните општински училишта. Од споредбените анализи се констатира дека нема значајни отстапувања во успехот од еден до друг образовен период, разликата при премин од петто во шесто одделение се движи од 0,01 до 0,18.

Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација кој во школувањето има одличен успех и секоја учебна година избира ученик на генерација.

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и вонннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето, бидејќи од вкупниот број на 1170 ученици, 125 се Роми, 2 се Турци и 34 се Срби. Тимот за реализираните активности изготвува Годишен извештај и го презентира во училиштето.

Се водат ученички портфолија со информации за постигањата на учениците.

## 2.2 Задржување/осипување на ученици

Во училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот. Се преземаат активности и се остварува соработка со надлежните институции (Министерство за внатрешни работи, Државен просветен инспекторат и локална заедница) за да се опфатат сите ученици од реонот.

Постои меѓусебна соработка на основните и средните училишта за опфатот на завршени деветтоодделенци запишани во средните училишта во Р С Македонија.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според пол и етничка припадност), се анализираат причините за неоправдано и оправдано отсуство од наставата. Постојат споредбени анализи за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци и редовноста на учениците**.** Во учебната 2017/2018 година, учениците од одделенска настава направиле 9694 оправдани, 5697 неоправдани, или вкупно 15078 изостаноци. Учениците од предметна настава направиле 11517 оправдани, 2051 неоправдани или вкупно 13567 изостаноци, или, во просек по ученик 23.79 изостаноци.

На ниво на училиште од I-IX одд. направени се 21211 оправдани, 7748 неоправдани или вкупно 28 646 изостаноци што е за 5.148 повеќе во однос на претходната учебна година.

Учениците се оцените и по поведение, во трите претходни учебни години од вкупниот број на ученици, 16 ученици се со намалено поведение во добро и 1 ученик со незадоволително.

Во рамките на законската обврска стручната служба во училиштето ја остварува Програмата за Советување на родители со водење на уредна и комплетна документација.

Во училиштето бројот на ученици кои се осипуваат се движи од 10 до 16 ученика. Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со родителите и граѓанските организации, навреме презема конкретни активности за да го

спречи намали осипувањето. Прилив на ученици во последните три учебни години бројот на ученици се движи од 3 до 11 ученика.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3. Повторување на учениците

Во изминатите три учебни години има 8 ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката и правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од Кембриџ, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето не остварува соработка со дефектолг за обезбедување поддршка за изработка на индивидуален образовен план. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба и соработката со наставниците кои реализираат настава со учениците со посебни образовни потреби со и без наод и мислење.

За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Најголем број од планирања ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Планирањата кои ги изготвуваат наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува учениците да научат и кои цели треба да се постигнат. Во училиштето покрај редовната настава се планира и реализира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности.

Планирањата на наставниците содржат насоки за активностите на часот, кои се целите на наставата, што се очекува учениците да научат, насоки за задавање на домашни задачи и за начин на оценување и самооценување.

Во рамките на стручните активи, во меѓусебна комуникација и во соработка со стручната служба и инклузивниот тим, наставниците разменуваат искуства и идеи за планирањата и истите ги применуват при изготвувањата на планирањата.

Постои соработка со други училишта и консултирање со стручни лица на ниво на општина.

Во соработка со Бирото за развој на образованието организирани се обуки за наставниците за примена на ИКТ во наставата .

Редовна пракса во училиштето е по следењето на одредени обуки и семинари да се изврши дисеминација и на останатите наставници.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план, имајќи во предвид за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и распоредот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реализира согласно распоредот.

## 3.2 Наставен процес

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем број наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците,

индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Часовите се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел. Најголем број наставници ги реализираа и поставените цели.

Од информатичко комјутерска технологија, училиштето располага со 100 дестоп исправни компјутерски работни места за учениците и 70 мали лаптоп компјутери за наставниците од кои само 20 се во исправна состојба и 3 ЛЦД проектори. Училиштето располага со мали лап-топ компјутери за учениците-260 и истите се распоредени во 10 училници, од кои голем дел се неисправни.

Наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата кај поголем број наставници е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај помал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците.

Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракција наставник – ученик е добра. Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина и при повторување со користење на техника. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користа соодветни форми, методи и техники за работа. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Притоа, обезбедува еднакви можности за учениците, имајќи ги предвид нивните способности, пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Во создавање клима за надминување на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост наставниците превземаат активности.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес која што редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час делумно задоволува.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишнот простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурализмот. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги

естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се земаат предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик е добра, најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина со користење на техника. Интеракцијата меѓу учениците за заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри. Мал број на ученици сметаат дека училиштето треба да превземе повеќе активности за да се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги ги индентификува и препознава образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

За учениците идентификувани со посебни образовни потреби, мал број од наставниците, особено од предметната настава, своите програми ги прилагодуваат према степенот на развиеноста и спознавањето на учениците, ги индивидуализираат, тестови редуцирани прилагодени според програмата.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Наставниците имаат изготвено стандард и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците недоволно се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми). Наставникот не ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно изготвен ИОП.

Наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.

Голем акцент се става на вреднувањето на дневни постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги користуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

На ниво на училиште одговорни наставници од одделенска и предметна настава редовно го следат и анализираат оценувањето за што се изработуваат посебни графички прикази.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување на информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист) со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето (соработка со другите, почитување на разликите, толерантност).

Најголем број наставници од родителите бараат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

Според законските прописи постои можност и за електронска комуникација и добивање на податоци преку електронскиот дневник.

## 4. ПОДДРШКА/ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна. Училиштето има интерен акт, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи со добиено мислење од Дирекција за заштита и спасување со дел.бр. УП 1 бр.41/1 од 17.12.2015 година а заведен во училиштето со бр.06-378 од 22.12.2017 година. Шематски приказ на просториите на е истакнат во училиштето**.** Во ходниците на училиштето нема истакнати стрелки со насоки за движење во случај на елементарна непогода. Во училиштето има четири обучени наставници за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Во училиштето не се изведува секоја календарска година симулација за евакуација на вработените и учениците во случај на пожар и други елементарни непогоди.

Училиштето поседува документација за извршено сервисирање на 14 ПП апарати, и 8 хидранти од надлежни и овластени институции на 04.11.2019 година, последен пат е сервисирана громобрановата инсталација на 27.02. 2012 година.

Постојат осигурителни полиси за учениците, вработените и училишниот имот и опрема. Постои осигурителна полиса за вработените од осигурителната компанија Триглав осигурување која важи до 01.12.2020 година, осигурителната компанија за училишниот имот Триглав осигурување која важи до 01.11.2020 година, осигурителна полиса за учениците од Винер осигурување која важи до 1.11.2020 година, компјутерската опрема Триглав осигурување која важи до 31.1.2020година.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, пропишан протокол за намалување на насилство. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко малтретирање. Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Се спроведуваат редовни дежурства од страна на наставниците и учениците. Училиштето нема видео надзор и агенција за надворешно и внатрешно, физичко и техничко обезбедување на училиштето.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци и на видни места има поставено апликации за забрана на истите. Раководителите на паралелката во рамките на одделенските часови ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите. Забраната од пушење се почитува од вработените.

Во училиштето не се врши дистрибуција на ужинки . Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училиштето нема склучено договори за користење на простории и училишна спортска сала.

За прилагодување на наставните содржини и следење на индивидуалните постигања на ученици со посебни образовни потреби училиштето има формирано Инклузивен тим со одлука бр.02-349/1 од 17.10.2019 година и Програма за работа на Инклузивниот тим со бр.03-70/2 од 22.10.2019 година. Инклузивниот тим е составен од Директор, педагог1, психолог, 2 наставници од предметна и одделенска настава, 2 родители но нема делегирано дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор) од ресурсен центер. Во изработката на Програмата за инклузија на учениците со посебни образовни потреби се вклучени родителите. Училиштето има услови и пропишани процедури за грижа и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот на училиштето е приспособен на евентуални потреби за ученици со физичка попреченост. Изградени се соодветни пристапни рампи само за движење на првиот спрат а за останатите спратови нема(лифт) , нема посебен тоалет за ученици со телесни пречки во развојот, но оваа учебна година нема ученици на кои им е потребен таков третман.

Во училиштето се негува хуманоста и солидарната помош кон учениците. Се организираат манифестации од хуманитарен карактер во кои се вклучени учениците, вработените и родителите. Има примери за организирани базари во соработка со родителите, соработка со Невладини организации со кои соработува училиштето, јавни повици за помош на ученици од училиштето и надвор од него. За учениците од социјално-ранливи категории училиштето обезбедува финансиски средстваделумно за покривање на трошоци за нивна вклученост на вонnаставни активности, екскурзиии и посета на други манифестации и институции. Се организираат собирни акции за облека , обувки и училишен прибор од страна на учениците и наставниците.

### 4.2. **Здравје**

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат секојдневно по два пати во денот. Мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Тоалетите во училиштето редовно се одржуваат и се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Дворот на училиштето е делумно ограден и уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во училишниот нема простор со поставени корпи за селектирање на отпад.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор 2 пати во една учебна година односно на 6 месеци.

Согласно законската обврска се извршени систематски прегледи на сите вработени во училиштето во соработка со здравствен дом ПЗУ,,Доктор Ѓоше,,Куманово направена на 6.09.2019 година . Не се врши санитарно-хигиенски прегледи на вработените. Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција во соработка со здравствен дом ЈЗУ Куманово . Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката при евентуална потреба од таков третман.

Согласно воспоставените еко - стандарди спроведени се точки на акција за здравјето на учениците. Содржините се однесуваат на правилна исхрана, акции за собирање на отпад за рециклирање, штедење на вода и електрична енергија и сл.

### 4.3. **Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците**

Училиштето во склоп на Годишната програма за работа има и Програма за професионална ориентација на учениците. Училишниот психолог и наставниците во училиштето се грижат за давање помош и насочување на учениците при изборот на институцијата за понатамошно образование. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно за нивната идна професија. Согласно конкурсот за запишување во средните училишта им дава конкретни совети за идната професија. Општи информации за понатамошно образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Истовремено учениците учествуваат на разни презентации организирани од страна на средните училишта кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Има примери за организирани посети на средни училишта.

Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите од таков вид кај учениците се откриваат преку разговор со нив или со нивните родители, од страна на одделенските раководители и стручните соработници. По потреба, стручните соработници ги упатуваат родителите до релевантни медицински установи.

### 4.4. Следење на напредокот

Училиштето во целина го следи напредокот на учениците. Наставниците и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Индивидуалниот напредок на учениците континуирано се евидентира во дневникот на паралелка, евидентните листови и во личната евиденција на наставниците. За следење на постигањата на учениците постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите на учениците.

Училиштето врши анализи и подготвува извештаи за успехот и поведението на учениците за прво и за трето тромесечие и за успехот на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година по одделенија и паралелки. Изготвените извештаи и компаративни анализи, целосно се достапни за наставниците, родителите и за учениците. Резултататите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето во средината каде работи има стекнато имиџ на добро училиште за што се согласуваат учениците, родителите, наставнците, стручните соработници и раководниот орган во училиштето. Истото е препознатливо по добриот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, но добри се постигањата на учениците и во воннаставните активнти. Училиштето е инклузивно се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на сите ученици па и за учениците со посебни образовни потреби, ја негува родовата еднаквост и мултикултурализмот. Најголемиот број од вработените со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето, ја познаваат мисијата и визијата на училиштето и се залагаат за зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Голем дел од наставниот кадар ужива добар респект кај родителите и учениците и најголемиот дел од наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето.

Училиштето има изготвено кодекс за ученици, наставници, родители и други вработени, еко кодекс како и куќен ред за однесување во училиштето. Училиштето има изготвено и кодекс за оценување на учениците кој е прифатен од раководниот тим и најголемиот број на наставници. Истите по правило се почитуваат и како документи се усвоени од Училишниот одбор. Во нивното донесување биле вклучени сите релевантни фактори преку формалните органи и се истакнати на

видно место во училиштето. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури се спроведуваат во пракса.

Во училиштето постои позитивна клима на взаемно разбирање и почитување помеѓу наставниците, наставниците и учениците со многу мали исклучоци. Ова се однесува и за учениците од различна родова, социјална и етничка припадност. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар има важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците, а исто така и соработката помеѓу стручните служби со раководниот кадар и наставниците и учениците е постојана. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалното потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра со мали исклучоци. Во спроведената анкета најголемиот број на наставници, ученици и родители истакнаа дека училиштето може успешно да се справи со не дисциплината. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите. Во случаите на поголемо нарушување на дисциплината се изрекуваат педагошки мерки.

Учениците се навремено информирани за работите во училиштето и повремено учествуваат и во донесување на одлуки што се од нивен интерес преку ученчката заедница на ниво на паралелка и ученичкиот парламент на ниво на училиште. Од почетокот на учебната 2019/20 година училиштето планира мерки и активности да ги фклучи учениците во работата на стручните органи и оргнот на управување.

Училишната клима и односите во училиштето се добри.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето превзема добри активности за промовирање на постигањата на учениците преку ВЕБ страната на училиштето-Hristijankarposh.jimdo.com, локалните медиуми, патрониот празник и активности во рамките на локалната заедница. Поголем број од наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на паралелка и училиште. За време на наставата, поголем број од наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин за мотивирање на учениците, а посебно во одделенска настава. Училиштето има усвоено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето, локална средина и пошироко во рамките на општината и републиката. Учениците имаат можности, согласно со своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата, а посебно во воннаставните активности и училишните натпревари на сите нивоа.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето има изградено ситем за наградување на ученици кои постигнале успех и договорен систем за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето но наградите се симболични и во рамки на расположливите фнансиски можности, но и покрај тоа значителен дел од наставниците се мотивирани и земаат учество со своите ученици на разни наградни конкурси, натпреварувања од општински, регионални и републички карактер.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Поголем број вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници најмалку еднаш во една учебна година  со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Поголем број од наставниците во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, како за време на наставата и по завршувањето на истата. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу вработените, учениците и родителите. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација на глобално ниво така и во рамки на училиштето. Училиштето ја промовира родовата, етничката и културната разновидност во училиштето и во пошироката заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во локалната средина и пошироко преку реализирање на одредени содржини во наставниот процес по повеке наставни предмети. Училиштето планира и реализира потребен број на активности кои се предвидени со„Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието“,Училиштето во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието  има воспоставено соработка со партнер училиштето - ООУ 7ми Марси  с. Опаје.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето дава и ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, но на овој план изостанува соработката од поедини родители на послаби ученици а посебно родители на ученици од ромската популација. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето преку Совет на родители, родителски средби и Училиштен одбор.  Комуникацијата на училиштето со родителите е добра, со одржување на најмалку две родителски средби во едно полугодие, одржување на индивидуални родителски средби, вклучување во заеднички активности по повод на значајни празници организирани од страна на училиштето. Училиштето не организира отворени денови на училиштет.Советот на родители има програма за работа и деловник  за работа заведен со бр02-534/2 од 24.09.2018 година и сотаноците ги организира согласно програмата и деловникот. Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци и на состаноците на училишниот одбор е добро и истите ги застапуваат интересите на родителите и нивните деца во училиштето. Членовите на Советот на родители се вклучени во животот и работата на училиштето. Родителите превземаат одговорност и покренуваат иницијативи за подобрување на условите во училиштето, подигање на безбедноста на ученици, организирање на собирни акции за облека, обувкии за социјално ранливите категории, донирање на опрема и слично.  Училиштето на родителите им дава јасни и прецизни информации. Родители се чувствуваат  добредојдени во училиштето и се прифатени од вработените во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти, организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира добро волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Локалната самоуправа се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето и соработката на училиштето

со истата е добра. Раководстството на училиштето остварува добра соработка со деловната заедница и обезбедува донации и средства за подобрување на инфраструктурен план. Постојат примери за успешна соработка со деловната заедница и невладиниот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата и соработка на училиштето со други училишта на општинско, регионално и меѓународно ниво.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Смесување и просторни капацитети

ООУ „Христијан Карпош" Куманово се наоѓа во населбата Перо Чичо на периферниот дел од градот. Во состав на Основното училиште се и подрачните училишта во населените места с.Тромеѓа и населба Иво тричковиќ.

Сместувањето и просторните капацитети во ООУ „Христијан Карпош" Куманово се добри. Располага со добро прилагодени просторни услови за одвивање на наставата, за потребите на учениците и наставниците. Просторните капацитети оптимално се искористени од наставниците и учениците. Училишната зграда е од тврда градба, П + 2, наменски изградена и почнало да се користи во учебната 1976/77 година и на неколку пати е реновирана. Вкупната површина на училишниот објект е 3662 м$^2$. Заштитен е со громобранска инсталација. Наставата во централното училиште се реализира во 25 училнициод кои во подрум и 4 кабинети(1 англиски јазик, 1 физика/ хемија, 1 информатика и 1 техничко образование една фискултурна сала во површина од 640 м$^2$ со соблекувални,отворени спортски терени нем, една библиотека, административни простори и други помошни простории. Училиштето не располага со кујна и трпезарија. Училниците се простари, добро природно осветлени и естетски обликувани. Ентериерот во училишната зграда делумно ги задоволува потребите за работа, додека внатрешните скали и ходниците се добри и безбедни и согсно нормативите и има прилагодена пристапна рампа за лица со физички хендикеп само за првиот спрат. Располага со довелен број на санитарни јазли од кој уреди и во добра состојба се 2 санитарни јазли додека останатите 2 се во полоша состојба. Греењето е цетрално, парно на нафта. Училиштето располга со училиштен двор во површина од 5376 м$^2$ истиот е делмно ограден и хортикултурно е уреден. Училиштето редовно планира и ја одржува училишната зграда и училишниот двор. Во изминатиот тригодишен период преземени се голем број на инфрастуктурни активности: Замена на старите подови во 5 училници , заменети со нови ПВЦ прозори 10 училници, изграден е отворен спортски забавен ректкретивен центар со поставување на лулки и реквизити за вежбање , изработен мурал во главниот хол и холовите на првиот и вториот спрат.

Училишната зграда во Подрачното училиште с. Тромеѓе е од тврда приземна градбана , наменски изградена во 1936 година а 2001 е темелно рекновирана и истото во добра состојба . Вкупната површина на училишниот објект е 395 м$^2$.

Заштитен е со громобранска инсталација. Наставата во училиштето се реализира во 5 училници и 1 асфалтирани спортски терени со површина од 800 $м^2$, 1 административна просторија и други помошни простории. Подрачното училиштето не располага со фискултурна сала. Училниците се пространи, добро природно осветлени и естетски обликувани. Ентериерот во училишната зграда, односно внатрешните скали и ходниците се добри и безбедни и согсно нормативите и има прилагодена пристапна рампа за лица со физички хендикеп. Располага со довелен број на санитарни јазли и уреди кои се во добра состојба. Училиштето располга со училиштен двор во површина од 6266 $м^2$ истиот е делумно ограден и хортикултурно е уреден. Греењето е цетрално со поставено централно парно греење на течно гориво-нафта.

Училишната зграда во Подрачното училиште населба Иго Тричковиќ е од тврда градба, П + 1, наменски изградена во1995/96 година. Вкупната површина на училишниот објект е 394 $м^2$ од кој 334 $м^2$ а останатаото го користи Центарот за ран детски развој. Заштитен е со громобранска инсталација. Училиштето располга со училиштен двор во површина од 3531 $м^2$ истиот не е ограден и делумно хортикултурно уреден. Наставата во подрачното училиште се одвива во 2 смени и се реализира во 4 училници, Училиштето не располага со фискултурна сала и нема отворени спортски терени за реализација на физичкото и здраственот образование. Училиштето располага со 1 административна просторија и други помошни простории. Училниците се пространи, добро природно осветлени и естетски обликувани. Ентериерот во училишната зграда, односно училници, ходниците, санитарнен јазол се добри и безбедни и согласно нормативите. Располага со довелен број на санитарни јазли и уреди кои се во добра состојба. Греењето е на печки на тврдо гориво. Училиштето располга со пристпна патека од бекатон до самата училшна зграда. Во периодот од предходната евалуација до денес нема извршено инфарструктурни зафати на училишниот објект освен реновирање на наставничката канцеларија кој била предходно опожарена од електричната исталација.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално го користи расположивите капацитети за задоволување на потребите на учениците и наставниците.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови. Училиштето ги имаутврдува потребите од наставни средства и помагала и истите ги обновува во рамките на расположливит финасиски можности. Училиштето располага со 100 дестоп исправни компјутерски работни места за учениците и 70 мали лаптоп компјутери за наставниците од кој само 20 се во исправна состојба и 3 ЛЦД проектори. Училиштето располага со мали лап-топ компјутери за учениците-260 и истите се распоредени во 10 училници и истите се поголем дел не исправни. Училиштето не располага со смарт инерактивна табла. Училиштето има утврдена потребата за набавка на нови посовремени технички и електронски уреди кои во догледно време би можеле да заменат дел од постоечките за поуспешно реализирање на ИКТ во наставата. Во сите планови и развјни документи, планот за јавни набавки, училиштето редовно планира финасиски средства за набавка на литература, наставни средва и наставни помагала што е констатирано и од поланот за јавни набавки за 2019 година. Спортската сала е опремена со спортски реквизити. Расположливите наставните средства и технички помагала се добро искористени во текот на наставниот процес.

Училишната библиотека се наоѓа во мала просторија, во која работи еден библиотекар, чие работно време од 7.00 до 15.00 часот и не ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Училиштето не располага со читална. Училиштето има програма за работа на библиотеката. Располага со 642 наслови со вкупено 6689 книги од кој: 4481 лектирни изданија, книги од МОН (слободна литература) -252, стручна литература 40 книги, слободна литература 1916 книги . Библиотеката, располага со повеке од пет наслови на книги по ученик вклучувајки ги и лектирните изданија. Библиотеката има потреба од набавка на лектирни изданија, стручна литература по соодветните наставни предмети, вклучувајки и литература за мултикултура и екологија. Во библиотеката има компјутер со пристап до интернет и на истиот се води електронска евиденција на насловите и читателите. Во текот на учебната година редовно и навремено се вршат набавки на потрошен материјал (хамер, фломастери, лепила, ножички, боици, селотејп и др), во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности (ѕидни проекти, плакати, уредување на училници и др.), согласно со финасовиот план и планот за јавни набавки за 2019 година.

### 6.3.Обезбедување на потребен кадар

Училиштето го има обезбедено потребниот наставен кадар во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. Наставно-воспитниот процес во училиштето го реализираат 71 наставници од кои 3 наставници дополнуваат од други училишта. Од вкупниот број на наставници 71 вработени во училиштето, 63 наставници се вработени на неопределено време со полн фонд на часови, 1 наставник е вработен на неопределено време со неполн фонд на часови, 5 наставници на определено време со полн фонд на часови, 2 наставници на определено време со неполн фонд на часови. Во училиштето моментално 2 наставници приправници Од вкупниот број наставници 71 врабтени во училиштето нема наставници магистри, 62 наставници се со ВСС и 9 наставници се со ВШС. Старосната структура е поволна и во најголем број преовладува млад стручен кадар. Наставниот кадар е квалификуван да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина, но се чуствува потребата од обука кај поголем број од наставниците во делот на задоволување на индивидуалните потреби на учениците, и обука кај поголемиот број од наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби инклузирани во наставата. Работата на наставниот кадар е потпомогната од стручната служба, директорот како и од административно техничкиот персонал. На сите новвработени наставници – приправници им се доделува ментор кој ја следи и помага нивната работа во процесот на стекнување на искуство.

Наставнците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим. На ниво на училиште наставниците се организирани во 11 стручни активи кои редовно држат состаноци согласно ппплановите на стручните активите. Од работата на стручните активи постојат записници. Во случаи на подолго отсуствуање на некој наставник училиштето има механизми за соодветна замена.

Училиштеото има стручна служба (1-педагог, 1-психолог и 1-библиотекар) но не располага со социолог и дефектолог. Стручната служба им помагаат на наставниците во планирањето и организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на сите наставници. Стручните соработници планираат и спроведуваат разни активности за работа со учениците и

наставниците и се секогаш отворени за соработка. Редовно присуствуваат на состаноците со стручните активи, учениците, родителите.

При изборот на наставен кадар, во училиштето не е констатирана полова, родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Најголемиот број вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи е следена од страна на раководниот орган, а почетокот и завршување на работното време се следиелектронски.

Обезбедувањето на наставниот кадар е добро.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадарот

Идентификувањето на потреби на наставниците за професионален развој се врши преку: посета на часови од страна на директорот и стручниота служба (најмалку двапати во полугодие), увид во планирањата, преку стручните активи и низ процесот на самоевалуацијата. Училиштето има програма за професионален развој на наставиците изработена врз основа на индивидуалните планови на нставниците.. Од разговорите со наставниците, посетите на часовите и увидот во професионалните досиеа на наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на нивните стручни и професионални компетенции, а осебно за работа со деца со посебни образовни потреби и обики за задоволување на различните потреби на учениците. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на БРО, акредитирани фирми за вршење на обука, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски владини и невладини организации. Во последните три години наставниците имаат проследено обуки организирани од страна на БРО и тоа: Работа за компјутери за наставници за 4 одделение,Позитивно образование,проект дете правобранител и ученичка заедница ,Со читање за лидерство,формативно оценување,проект МИМО-млади во образованието,Инклузија на деца надвор од образовниот систем,Интерактивни алатки во наставата по математика,Квалитетно образование за раст,резултати и подобра иднина,унапредување на социјалната кохезија и решавање на конфликти по мозаик моделот,обука за справување со конфликти и други. Директорот ги следи наставниците и нивните досегашни обуки и семинари редовно ги бележ во педагошките картони. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен за што се согласуваат и наставнците. Во училиштето редовно се врши дисеминација на стекнатите знаења со останатите наставници. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на наставници кои внесуваат ефективни иновации во наставата кои се состојат во издавање на интерни признанија и пофалници.

Следењето на развојните потреби добро.

### 6.5.Финансиско работење во училиштето

Финансиското работење на училиштето е транспарентно за сите структури кои се фклучени во работата на училиштето. Училишниот одбор навремено го разгледува финансискиот план, завршната сметка и финансискиот план за јавни набавки. Училиштето спроведува јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки и Правилник за јавни набавки. Директорот формира комисии за јавни набавки по разни потреби. Секоја година има член на Училишен одбор, кој е составен член на комисијата за јавни набавки во училиштето. Директорот го информира и се консултира по повеќе прашања со членовите на Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет.

Буџетот на училиштето наменски се користи за подобрување на инфраструктурата, материјално-техничките услови и набавки на потрошен материјал во училиштето, што го подобрува квалитетот на наставата и учењето, и развојот на училиштето во целина. Училиштето спроведува постапки за финансиско работење кои се во согласност со законските норми. Финансиското работење е добро.

# 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата, етничката и социјалната структура на членовите и водејќи сметка и културната средина во која се наоѓа учлиштето. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана во Деловник за работа. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. Одборот има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишен одбор активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

Раководниот орган (директор на училиштето) го следи воспитно-образовниот процес во училиштето и постигнувањата на учениците. Работи тимски и носи одлуки согласно закон во интерес на наставата и сите учесници вклучени во воспитно-образовната работа. Раководниот орган на училиштето го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политики

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици. Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето вклученоста на вработените и родителите е многу добра, а вклученоста на учениците е добра. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, за насилството во училиштето и семејството, недискриминација, инклузивност, еколошко образование. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките мислењето на родителите и на учениците од страна на училиштето се зема впредвид.

### 7.3 Развојно планирање

Целите во програмата за развој се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување вклученоста на наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница е добра. Училиштето има акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики на централно и на локално ниво, како и за целите во Самоевалуацијата на работата на училиштето. Училиштето има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.

Училиштето планира финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитнообразовниот процес. Видот на обуките е определен со програмата за професионален развој. Наставниците учествуваат на обуки организирани од страна на БРО.

Училиштето навреме ги детектира потребите од материјалнотехнички средства и континуирано ги планира и ги обезбедва. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и истите оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно одржување.

Училиштето го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени средства за наменско инвестирање. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата за сите ученици.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Добро учество и постигања на учениците на организирани натпревари;
- Организирање на голем број вонннаставни активности;
- Добра поддршака на учениците со потешкотии во учењето ;
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето;
- Добро учество и реализирање на проекти од образовен карактер;
- Добра соработка на училиштето со локалната средина.

### Слаби страни

- Интернет врската во подрачните училишта не е постојана;
- Наставата по физичко и здраствено образование во подрачното училиште не се реализира на соодветен спортски терен;
- Училиштето нема вработен дефектолог.
- Не се направени санитарно-хигиенски прегледи на вработените
- Застарени и недоволно нагледни сретсва и ИКТ опрема.
- Недоволно организирани обуки за наставниците и стручните соработници кои работат со учениците со посебни образовни потреби.
- Делумно ограден и хортикултурно уреден училишниот двор во централното и подрачните училишта

### Препораки

- Да се подобри интернет врската во подрачните училишта;
- Да се направат санитарно-хигиенски прегледи на вработените.
- Да се набават нови нагледни сретсва и ИКТ опрема
- Да се одреди спортски терен во подрачното училиште;
- Да се превземат активности за вработување на дефектолог како стручен соработник.
- Да се организираат обуки за наставници и стручни соработници кои работат со ученици со посебни потреби.

| | |
|---|---|
| Љубиша Николиќ, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Томе Стојанов, Инспектор | |
| Гордан Стојчевски, Инспектор | |